# ТЕМАТСКО ПЛАНИРАЊЕ
# ЗА НАСТАВАТА ПО ХЕМИЈА ЗА IX ОДД

## Тема бр.1А: 9.1 Структура на атомот и периоден систем на елементите

| Ред. бр. | Структура на темата | Тип на час | ИКТ / ЕКО | Време на реализација | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | месец | недела | час |
| 1. | **Структура на атомот** | Обраб. | ИКТ 1 | IX | 1 | 1 |
| 2. | **Структура на атомите на првите дваесет елементи** | Обраб. | ИКТ 2 | IX | 1 | 2 |
| 3. | **Хемиски симболи на елементите** | Обраб. | | IX | 2 | 1 |
| 4. | **Електронска конфигурација** | Обраб. | ИКТ 3 | IX | 2 | 2 |
| 5. | **Вежби за структура на атомот** | вежби | ИКТ 4 | IX | 3 | 1 |
| 6. | **Структурата на периодниот систем на елементите** | Обраб. | ИКТ 5 | IX | 3 | 2 |
| 7. | **Повторување за структура на атомот и за периоден систем на елементите** | повтору вање | ИКТ 6 | IX | 4 | 1 |
| 8. | **Трендови во периодниот систем на елементите** | Обраб. | ИКТ 7 | IX | 4 | 2 |
| 9. | **Историја на периодниот систем на елементите** | Обраб. | ИКТ 8 | X | 1 | 1 |
| 10. | **Час за утврдување на материјата** | Систем. | | X | 1 | 2 |
| 11. | **Запознавање со ковалентни врски** | Обраб. | | X | 2 | 1 |
| 12. | **Образување ковалентни молекули** | Обраб. | | X | 2 | 2 |
| 13. | **Час за утврдување на материјата** | Систем. | | X | 3 | 1 |

## Тема бр.1А: 9.1 Структура на атомот и периоден систем на елементите

Оваа тематска целина се надоврзува на она што учениците претходно го учеа за едноставниот модел на градбата на атомот, периодниот систем на елементите и идејата за хемиска врска.

Сега учениците го развиваат своето знаење со користење посложен модел на атом што вклучува електронски слоеви. Ја идентификуваат електронската структура на првите дваесет елементи и го поврзуваат тоа со структурата на таблицата на периоден систем на елементите и учат за образување ковалентна врска со образување заеднички електронски пар.

**Научното истражување се фокусира на:**

- дискутирање и објаснување на важноста на прашањата, доказите и објаснувањата, користејќи историски и современи примери;
- проверување на објаснувањата со нивно користење во правењето претпоставки, а потоа нивно евалуирање во однос на доказите;
- дискутирање за начинот на кој денес научниците работат и како тие работеле во минатото, вклучувајќи примери за експериментирање, докази и креативно размислување;
- гледање критички на изворите на секундарни податоци.

**Препорачани зборови (поими) за оваа тема**

елемент, атом, протон, неутрон, електрон, јадро, симбол, електронски слоеви, атомски број, масен број, периоден систем, група, периода, својство, благородни гасови, алкални метали, халогени елементи, преодни метали, валентни, електрони, електронска конфигурација.

**Научно истражување**

предвидува, објаснува, набљудува, опишува, заклучува